Димитрије Бужаровски

**Детската радио драма на Радио Скопје до земјотресот (1963)**

Иако повремено учествував во работата на детската радио драма, неколкуте фотографии останати во повеќеилјадниот архив на БузАр ме поттикнаа да го напишам овој текст за едно друго време и едно друго културно опкружување, во кое се поставија фундаментите на современата македонска културна реалност.

„Старото“ Радио Скопје беше веднаш зад аголот на мојот дом и како дете (тогаш игравме постојано надвор), многу слушајќи и воодушевувајќи се од радиото, некаде меѓу 4-5 годишна возраст, сум влегол и побарал да ме вклучат во радио драмите и детските програми кои ги обожував. Бев однесен во Детската радио драма и тогаш прв пат ги видов Коле Ангеловски, Зафир Хаџиманов, Љупка Димитровска, Мирче Томовски и други за кои веќе и не се сеќавам. Во тие години ми даваа да кажам по некој збор кога требаше гласче од многу мало дете. Во следните неколку години ќе ме земат во Вардар филм, каде ќе играм во филмовите *Виза на злото* (долгометражен) и *Давид, Голијат и петел* (краткометражен, игран ). Потоа ме ангажираа и во операта, најнапред како дете статист, а потоа и во главната улога на *Оџачарчето Сејм*. Ова повеќе за да напомнам дека во детската радио драма се појавував со прекини, за разлика од останатите кои постојано играа и се градеа во работата со режисерите: Миодраг Шаурек, Цветанка Трпкова, Благој Андреев и Славица Тодорова. Така, во годините пред земјотресот многу активни беа: Владимир Милчин, Наум Пановски, Виолета Џолева, Димац Митковски, Зоран Јордановски, Кире Печијаревски и другите кои ќе се појават на овие фотографии и кои беа дел од импресивната палета на прекрасни радиофонични гласови (јас не спаѓав во нив), кои беше чисто задоволство да се слушаат.

И сето ова би било само мала епизода од настаните во едно детство. Позади неа стои еден грандиозен монумент за пионерските времиња, огромниот ентузијазам, среќа, лично вложување и верба во иднината. Радио Скопје беше стожерот околу кој се градеше литературниот македонски јазик. Радио Скопје успеа да ја постави и истакне неговата милозвучност, да ја издвои фонетиката и прозодијата на која се посветуваше посебно внимание. Покрај спикерскиот дел и прилозите на уредниците, секако посебна улога одигра драмската програма од која до денес ми одзвучуваат гласовите на: Божо Софрониевски, Спасе Нелов, Цветанка Трпкова, Таска Балабанова, Борис Мајсторов… На нив се надоврзуваше и од нив учеше и детската радио драма.

Но, за да се разбере Радио Скопје од тоа време треба да се гледа неговата целина. Радио Скопје беше собиралиштето на најдобриот писателски и новинарски кадар (вториот центар беше *Нова Македонија*). Во времето кога немаше телевизија, интернет, мобилни, социјални мрежи, сè гравитираше кон радиото. Тоа беше и прозорец кон светот, но и централен културен медиум од кој се апсорбираа сите културни содржини и уметностите кои можеа да се претставаат акустички.

Креативноста беше посебно важна, и покрај ограничениот технички простор на времето, крајните производи беа совршени, не само како интерпретација, туку и како реализација.

Со појавата на телевизијата во 1960-тите овој круг почна да се шири, и може да се каже дека сè до 1980-тите МРТ беше најмоќниот центар од кој зрачеше најдоброто и највредното на македонската култура.

И сега за членовите на Детската радио драма во големата слика (останатите две фотографии ги содржат и имињата):



*Најгорен ред: Љупка Димитровска, Славица Тодорова (режисер), Грозде Милошевска, Зеко (?), (?)*
*Среден ред: Сузе (?), Благица Јордановска, Звонко (?), Виолета Џолева, Маја Леова,*
*Меѓу редови: Димац Митковски*
*Долен ред: Зоран Јордановски, Димитрије Бужаровски, Наум Пановски, Верче Леова, Кире Печијаревски*



**Мира Костова, Вангел Јовчевски, Снежана Стаменска, Владимир Милчин и Мими Бужаровски — членови на Пионерската драмска секција на Радиотелевизија Скопје**



**М. Бужаровски, В. Јовчевски и Б. Јордановска — членови на емисијата „Добро утро деца“ на Радиотелевизија Скопје снимени при снимање на една емисија**

Скопје, 4 август 2025 година